ИЗВЕШТАЈ

ЗА

РАБОТАТА НА МАКЕДОНСКОТО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО ЗА 2014 ГОДИНА

Македонско еколошко друштво
Архимедова 5,
1000 Скопје
02 2402 773
02 2402 774
www.mes.org.mk

Содржина

Предговор **5**

Делување на МЕД **7**

ОРГАНИЗАЦИЈА И СТРУКТУРА 9

НАУЧНИ И СТРУЧНИ СОБИРИ 10

Реализирани активности **11**

1. Програма „Заштита на растенија и екосистеми“ 14
2. Програма „Проучување и заштита на птици“ 16
3. Програма „Зачувување на диви видови“ 19
4. Програма „Управување со заштитени подрачја“ 21
5. Програма „АГРОЕКОЛОГИЈА“ 25
6. Програма „Политики за заштита на природата и животната средина“ 27
7. Програма „Луѓето и природата“ 28
8. Програма „Еколошка едукација“ 31
9. Програма „ГИС аналитика и управување со бази на податоци“ 38
10. Програма „Односи со јавност“ 40

Што претстои? **47**

Преглед на финансиската состојба **49**

Партнери и соработници **53**

Контакт информации **55**

Предговор

Почитувани членови, поддржувачи и симпатизери на Македонското еколошко друштво,

Пред вас е извештајот за работата на Друштвото за 2014 година. Тоа беше година на големи промени во структурата на канцеларијата на МЕД со значајни импликации во работата на целото Друштво. Во иднина работата на Друштвото ќе се одвива по одредени програмски области сè со цел да се зголеми продуктивноста и ефективноста на вработените и поактивно вклучување на останатите членови.

Треба да се напомне дека имплементацијата на сегашните проекти во МЕД се одвива во период кога состојбите во заштита на животната средина, особено природата, во Македонија се особено неповолни. И покрај тоа МЕД продолжува активно да работи на остварување на основната цел.

Главните активности на МЕД се и понатаму насочени кон проучување, мониторинг и заштита на природата, заштита на агробиолошката разновиднст и еколошката едукација. Во извештајот ќе прочитате подетално за статусот на проектите кои долгорочно се спроведуваат од страна на вработените и членовите на МЕД со поддршка од меѓународните партнерски организации (во поглавјето Реализирани активности), како и за новоотпочнатите проекти. Излистани се и кратко објаснети сите настани кои Друштвото ги реализира или во кои зеде учество за промоција на екологијата и заштитата на природата. Прикажани се и сите активности за подигање на свеста на граѓаните и директните едукациски настапи во градинките и училиштата. На крај на извештајот можете да добиете увид во финансиското работење на Друштвото.

Во оваа прилика сакам да изразам голема благодарност на донаторите кои континуирано финансиски го помагаат работењето на Друштвото, пота на сите партнерски организации од земјата и странство, како и на сите членови и вработени во МЕД кои несебично се залагаат за остварување на визијата и целите на Друштвото, за заштитата на животната средина и природата, како и за спроведување на задачите преку реализација на одделните проекти. Она што го издвојува МЕД како посветена организација во заштитата на природата е не само професионалноста во работењето, туку и посветеноста на членовите на кои оваа работа им претставува лична цел и ја вршат со сопствен ентузијазам.

На крај би сакал да изразам особена благодарност на личностите и организациите кои несебично донираа средства надвор од работата на проектите со што оддадоа признание на напорите на МЕД во остварување на поставените цели.

Очекувам МЕД да продолжи во иста насока во следната 2015 година и уште поголеми успеси.

Др. Љупчо Меловски, Претседател на МЕД

Делување на МЕД

Македонското еколошко друштво (МЕД) влегува во петтата деценија на своето активно делување. Промовирањето на екологијата како наука и нејзиното вклучување во целокупното образование, заштитата и унапредувањето на животната средина и природата и промовирање на принципот на одржливиот развој, се практиките за кои МЕД континуирано се залага и вложува постојани напори да ги вметне во сите сегменти на живеењето.

Во оваа насока Друштвото, преку имплементација на конкретни научно-истражувачки и апликативни проекти во областа заштита на животната средина и природата и различни начини на промовирање на нивното значење, и соработка, ги вклучува сите еколози и оние кои ја поддржуваат мисијата и визијата на МЕД.

Развојот и напредокот на Друштвото се должи на долгогодишната посветеност и работата на членовите и вработените кои несебично го пренесуваат своето широко искуство и професионализам.

Склучувајќи значајни партнерства и соработки на индивидуално, институционално и организациско ниво, МЕД прерасна во меѓународно препознатлива организација, која работи во насока на решавање на актуелни проблеми од областа на заштитата на природата и животната средина во регионот и пошироко.

Активностите кои МЕД ги спроведе во текот на 2014 година беа во согласност со основните цели кои се дефинирани во Статутот на МЕД: промовирање на екологијата како наука, заштита и унапредување на животната средина и природата, ширење на еколошките знаења и унапредување на еколошкото образование и промовирање на принципот на одржлив развој.

ОРГАНИЗАЦИЈА И СТРУКТУРА

Со Македонското еколошко друштво управуваат членовите на здружението преку свои претставници кои се предлагаат и избираат за членови на собранието на МЕД, кое е највисок орган на Друштвото и брои 21 член. Други управни органи на МЕД се претседателството надзорниот одбор. Улогата на управувачките органи е да обезбедат развој на Друштвото преку стратешка ориентација и изготвување програми за работа и јакнење на капацитетите.

Работата на МЕД се одвива преку реализирање на проектни активности координирани од претседателтвото и имплементирани во канцеларијата на МЕД. Членовите на друштвото се организирани во единаесет еколошки секции кои се утврдени со Статутот. Работата на секциите зависи од моменталната актуелност на проблематиките во општеството како и од тематиките на тековните проекти.

Започнувајќи од 2006 година Канцеларијата на МЕД успешно се развива и во 2014 година бројот на вработени достигна 18 лица, со кои раководи извршен директор. Заради зголемување на ефикасноста и подобро искористување на капацитетите, во текот на 2014 година беа спроведени внатрешни организациски реформи во Канцеларијата на МЕД преку воведување посебни програми на делување и тоа:

- Заштита на растенија и екосистеми
- Проучување и заштита на птици
- Зачувување на диви видови
- Управување со заштитени подрачја
- Агроекологија
- Политики за заштита на природата и животната средина
- Луѓето и природата
- Еколошка едукација
- ГИС аналитика и управување со бази на податоци
- Односи со јавност

Работата на секоја програма ја координира раководител на програмата кој доаѓа од редот на координаторите и асистентите на проектите. За реализација на административно-техничките, помошните и другите работи кои се од заеднички интерес за остварување на целите и задачите на МЕД се грижат техничкиот секретар и финансискиот администратор. Јакнењето на капацитетите на вработените и членовите на МЕД редовно се одвива преку учество на различни тренинг обуки и курсеви, семинари, магистерски и докторски студии во и надвор од државата.

Во секојдневната работа МЕД активно вклучува повеќе од 20 волонтери за чии активности повеќе информации се дадени во поглавје 10.

НАУЧНИ И СТРУЧНИ СОБИРИ

Една од основните алатки што МЕД ги користи за постигнување на целите е организирање или учество на научни собири (конференции, трибини, симпозиуми и конгреси од меѓународен карактер). На овие собири не само што се претставуваат достигнувањата и новитетите од областа на екологијата на национално и регионално ниво, туку се остваруваат и бројни нови контакти кои се основа за идна соработка и заеднички делувања за постигнување на генералната цел за заштитата на животната средина и биолошката разновидност.

Досегашното искуство на МЕД, вклучувањето на различни експертски профили, соработката со бројни стручни лица, научници, владини и невладини организации, студенти, ученици и население, како и континуираните залагања во решавање на конкретни еколошки проблеми во земјата и регионот, создадоа услови МЕД да прерасне во граѓанска организација која дава голем удел во процесот на информирање и едуцирање за проблематики во областа на биологијата, екологијата, заштитата на животната средина и природата.

Реализирани активности

Активностите на МЕД во 2014 година беа насочени главно кон:

- истражувања и мониторинг на одредени значајни или загрозени видови (балкански рис, мршојадци);
- истражување на дистрибуцијата и миграцијата на птиците;
- истражување на значајни живеалишта/екосистеми (речни сливови, планински езера, блата);
- изработка на предлози за заштита на одредени значајни подрачја;
- соработка со локални заедници во врска со преземање активности за заштита на некои значајни видови и одржливо користење на природните ресурси;
- спроведување едукативни активности од областа на заштитата на природата;
- активно вклучување во одбележувањето на повеќе значајни меѓународни денови за животна средина со цел подигнување на јавната свест;
- евидентирање и заштита на автохтони сорти и раси животни и растенија.
- изработка на Стратегија за работа со локални конзервациски групи

Вклучувањето на МЕД во меѓународни иницијативи се одвиваше и во текот на 2014 година:

- Како дел од соработката со националните паркови и другите заштитени подрачја, во 2014 година беше потпишан Меморандум за соработка со националниот парк „Пелистер“ во насока на јакнењето на капацитетите за спроведување заеднички и поединечни активности во рамките на ова заштитено подрачје.
- МЕД е дел од мрежата на невладини организации за заштита на Преспа – ПреспаНет, заедно со Асоцијацијата за заштита и зачувување на природната животна средина од Албанија (PPNEA

- Protection and Preservation of Natural Environment in Albania) и Здружението за заштита на Преспа (SPP – Society for the protection of Prespa), со единствена цел заеднички да делуваат македонската, албанската и грчката страна во заштитата и промоцијата на природното богатство на преспанскиот регион. Во 2014 година започна со изработка на заеднички стратешки план за преспанскиот регион која изработи и заеднички нацрт-страшеки план за Преспанскиот регион.

- Со организации од соседна Албанија (PPNEA) беа спроведени заеднички активности во регионот на планините Јабланица-Шебеник, во рамки на посебни проекти и во рамки на програмата за заштита на балканскиот рис.
- Продолжи прекуграничната соработка со организации од соседна Бугарија за заштита на Осоговските Планини и нивно прогласување за биосферен резерват.
- Беше спроведен координиран прекугранично зимски цензус на водните птици на Преспанското, Охридското и Дојранското Езеро.
- Продолжи поддршката за спроведување на иницијативата за Зелениот појас - претставник на МЕД учествуваше во иницијативите за формирање Асоцијација за Зелениот појас и на 8та Паневропска конференција за Зелениот појас.

Поддршката која МЕД ја дава во вклучувањето на јавноста и поттикнувањето на акции на индивидуално и општествено ниво во изминатите години се покажаа како позитивен начин и чекор напред кон постигнување на општествени промени. Во последните шест години МЕД преку бројни програми за мали грантови, дефинирани во различните тековни проекти, обезбедува финансиска поддршка која ја помага и поттикнува работата на целни групи во Македонија. Во текот на 2014 година беа одобрени 12 проектни концепти од локални организации од регионот на Јабланица, Шар Планина и Илинска-Плакенска Планина.

Финансиската поддршка за непречено спроведување на работата, МЕД ја обезбедува од долгогодишните меѓународни партнери, како Франкфуртското зоолошко друштво (FZS – Frankfurt Zoological Society), Германската фондација Euronatur, Фондацијата за природа MAVA, Германската федерална фондација за животна средина (DBU - Deutsche Bundesstiftung Umwelt), PlantLife, Германската агенција за техничка соработка (GIZ), Партнерскиот фонд за критични екосистеми (CEPF), Европскиот центар за заштита на природата (ECNC), BirdLife International, како и од фондовите на Европската унија (ЕУ).

1. Програма „Заштита на растенија и екосистеми“

Од особено значење е придонесот на МЕД во заштитата на дивите растенија и одделни екосистеми. Тој е постигнат со преку популаризирање и подигање на свеста за значењето на различните видови диви растенија, како и вреднување на виталните придобивки од екосистемите.

Во таа насока е и реализацијата на проектните активности поврзани со значајните растителни подрачја (ЗРП) кои МЕД ги спроведува од 2007 година во неколку фази и се однесуваат на заштита на дивите растенија и нивните природни живеалишта. Во текот на 2014 година активностите беа насочени кон јакнење на капцитетите на локални граѓански организации од пет пилот ЗРП подрачја за преземање акции за зачувување на овие подрачја (види поглавје 7.1)

Согласно исклучителната важност на одделните екосистеми во однос на обезбедување екосистемски услуги, кои се од основна важност за човекот, и нарушувањето на природното функционирање на истите, МЕД спроведува проекти за заштита на екосистемите. Со реализација на овие проекти се одредуваат заканите по екосистемите, нивната состојба, се овозможува одржливо користење на услугите од екосистемите како и промоција и подигнување на јавната свест за вредноста на истите.

1.1 Вода за езерата, блатата, изворите и луѓето на Јабланица

Ова е пилот проект за сеопфатно управување со водните ресурси (Integrative Water Resource Management - IWRM), кој има за цел да ги одреди заканите по водните тела на планината Јабланица (четири глацијални езера, влажни станишта и реките кои припаѓаат на Дримското сливно подрачје) и да предложи алтернативни извори за водоснабдување на локално-

то население. За дефинирање на заканите беа реализирани теренски истражувања спроведени од различни експертски групи, беше извршена проценка на еколошкиот статус на водните екосистеми на планината (според присуството на дијатомеи, инвертебрати и васкуларни растенија), потоа, проценка на одржливото користење на шумите во сливните подрачја (според проценка на сегашната состојба на шумите, степенот на ерозија и продукцијата и биомасата на шумските екосистеми) како и алтернативните извори на водоснабдување. Покрај МЕД, во проектот се вклучени и општините Струга и Вевчани, селата Подгорци, Лабуништа, Пискупштина, Луково, Модрич и Дренок како и граѓанското здружение за заштита на природата и животната средина PPNEA од Албанија. Финансиер е Партнерскиот фонд за критични екосистеми (Critical Ecosystems Partnership Fund - CEPF).

1.2 Одржливо искористување на трската од Моноспитовско Блато

Пилот проектот со наслов „Обновување на влажните живеалишта во Моноспитовско Блато преку одржливо користење на обновливите ресурси (трската, Phragmites australis) како био-гориво“ беше реализиран во рамките на обуката за лидери во заштитата на животната средина НатуРегио-Балкан која ја спроведува германската академија за еколошка едукација (NNA). Целта на проектот беше поттикнување на локалното население за враќање на старата пракса и повторно користење на трската од Блатото за потребите во домаќинството, преку подготвување брикети за огрев. Одржливото користење на трската од една страна обезбедува бенефит за локалното население преку користење и продажба на продукти од трска и рогоз, извор на топлинска енергија (согорување), а од друга страна е корисно и за самото Блато каде се обезбедува чист простор за други растителни и животински видови, се прочистуваат водата и почвата во блатото и се штедат ресурсите од околните шуми. Со проектот беа изработени пет едноставни дрвени рачни преси за преработка на трска, кои лесно може да се реплицираат, а ќе бидат доделени на секоја месна заедница во селата: Моноспитово, Банско, Габрово, Колешино и Бориево. Во рамките на проектот беше подготвено кратко едукативно видео за одржливото користење на трската.

2. Програма „Проучување и заштита на птици“

Активностите на МЕД за заштита на птиците во Македонија започнаа со спроведување на Програмата за зачувување на мршојадците во 2002 година. Од тогаш значително е зголемен капацитетот на МЕД за спроведување теренски истражувања од аспект на знаење, човечки ресурси и технички можности. Покрај заштитата на мршојадците, во последните десетина години МЕД работеше на развој на методологија за мониторинг на честите видови птици, спроведување на конзервациски мерки за одредени видови птици (како на пример, поставување вештачки гнезда за царски орли и степска ветрушка), идентификација и мониторинг на Значајните подрачја за птици во Македонија, споредба и анализа на националното законодавство со законодавството на ЕУ во однос на заштита на птиците. Покрај тоа, членови на МЕД беа вклучени во бројни обуки со цел надополнување на нивните знаења.

Во текот на 2014 година беа спроведени активности за популаризација на птиците и нивната заштита преку одбележување на Светските денови на птиците преселници, Европските денови на набљудување на птици и реализација на кампањата „Пролетта доаѓа!“ (види поглавје 10.1). Заради популаризација и промоција на заштитата на птиците, во партнерство со општина Чешиново-Облешево, која во 2013 година беше прогласена за „Европско село на штрковите“, во 2014 година беше одбележан денот на штрковите.

Теренски истражувања за проучу-

вање на птиците беа спроведени во сливот на река Брегалница, беше истражуван гнездовиот успех на популацијата на Египетскиот мршојадец, беа реализирани кампови за мониторинг на преселбата на птиците и спроведени истражувања за потребите на Европскиот атлас на птиците.

Поради остварување на целите на заштита на птиците беа одржани состаноци со локални чинители на тема примена на добри земјоделски пракси, развој на инсталации за искористување на енергијата на ветрот, подобрување на законската регулатива за ловството и друго. Во континуитет се одржувани средби со меѓународни соработници, со колеги и организации од други земји што резултираше и со двомесечна работна посета на г-ца Клер Барнет од Кралското друштво за заштита на птиците (RSPB – Royal Society for the Protection of birds) од Северна Ирска.

Членови на МЕД учествуваа и на работни и планирачки состаноци за развој на нови и продолжување на веќе постоечки проекти како на пр. Втората конференција за Јадрански прелетни патишта (Драч, Албанија) и работниот состанок на регионалното партнерство за Кампањата за Медитерански прелетни патишта во Никозија, Кипар.

2.1 Развој на капацитети за заштита на преселните патишта на птиците во Медитеранот

Во 2014 година беа реализирани две работилници за енергетскиот сектор со фокус на заканите за птиците, одржани со поддршка на експерти од регионалните партнери на BirdLife од Словенија и Бугарија. Исто така, беа организирани уште две работилници со заинтересирани страни (земјоделци, пчелари, ловци и риболовци) чии активности се одвиваат во близина на, или во границите на значајно подрачје на птици (Пелагонија и Овче Поле), со поддршка на експерти од регионални партнери на BirdLife од Хрватска и Бугарија, каде беа презентирани предизвиците и успесите во искористувањето на поволностите од работењето во заштитени подрачја.

Спроведен беше и мониторинг на значајни подрачја за птици со фокус на заканите врз птиците. Одржани беа неколку кампови за следење на миграција и лоцирање на миграторни патишта во Македонија. Овој проект МЕД го спроведува со следните партнери: Doga Dernegi од Турција, Друштво за заштита на природата на Либан, BirdLife Кипар, BirdLife Малта, Центар за заштита и проучување на птиците на Црна Гора, Група за проучување и заштита на птиците на Мароко и Пријатели на птиците од Тунис, Birdlife International, а финансиската поддршка беше обезбедена од швајцарската фондација MAVA.

2.2 Јадрански прелетни патишта 2

Целта на овој проект е да се направи проценка на заканите долж преселните патишта за птици во Јадранскиот прелетен коридор преку мониторинг, соработка со ловни друштва и поединци. Беа спреведени теренски истражувања и камп за следење на преселба на птици, работилница со секторот за ловство на тема усогласување на законодавство и дефинирање на закани врз птиците овој сектор. Партнери на МЕД во спроведувањето на активностите се HDZPP - Hrvatsko društvo za zaštitu ptica i prirode

(Хрватска), BIOM (Хрватска), Наше птице (Босна и Херцеговина), CZIP - Centar za zastitu ptica (Црна Гора), BSPSSS - Bird Study and Protection Society of *Serbia* (Србија), APAWA - The Association for Protection of Aquatic Wildlife of Albania (Албанија) и Euronatur (Германија), кој заедно со фондацијата MAVA ги обезбедија финансиите за проектот.

2.3 Учество во изработка на „Атлас на птиците на Европа“, Македонија (прва фаза)

МЕД активно учества во обезбедувањето квантитативни податоци за орнитофауната на Македонија, заради подготвувањето на „Атласот на птиците на Европа“, кој се подготвува во периодот 2013-2017 година. Во 2014 година беа спроведени теренски истражувања по дефинирани трансекти, беше спроведена кратка обука за методологијата на работа и собирање на податоци за целите на атласот од координатори на проектот (CSO - BirdLife партнер во Чешка), а претставници на CSO – BirdLife од Чешка и Јужноморавскиот природонаучен музеј, Чешка реализираа и посета на Македонија и пружија теренска помош при работата на Атласот. Дел од финансиите за реализација на активностите беа обезбедени од страна на Министерство за заштита на животна средина на Република Македонија.

2.4. Следење бројноста и гнездовиот успех на Египетските мршојадци

МЕД во соработка со здружението „Аквила“ од Кавадарци рутински го спроведува истражувањето на египетските мршојадци во Македонија, истовремено собирајќи податоци и за бројноста на белоглавиот мршојадец и другите грабливи птици. Во текот на 2014 година оваа активност се организираше со редуцирани средства, но сепак беа посетени сите познати територии, и утврден успехот на размножување на овој глобално загрозен вид, од кој во Македонија гнездат 20 двојки. Финансиската поддршка ја обезбеди Бугарското друштво за заштита на птиците.

3. Програма „Зачувување на диви видови“

Програмата за заштита на диви животни има за цел интегрална заштита на фауната на Македонија преку спроведување различни проектни активности кои опфаќаат директна и индиректна заштита на видови и нивните живеалишта. Дел од активностите од оваа програма се поврзани со останатите програми особено во областа на едукација, промоција и подигање на јавната свест како и лобирање кон прогласување на заштитени подрачја.

Со оваа програма во текот на 2014 година беа опфатени активности за закрепнување на балканскиот рис како и истражување на фауната во сливното подрачје на реката Брегалница во рамки на проектот „Изработка на анализа на недостатоци во еколошките податоци и изработка на карта на еколошка сензитивност за подрачјето на сливот на река Брегалница“.

3.1 Програма за закрепнување на балканскиот рис (3 фаза)

Проектот за закрепнување на балканскиот рис има за цел да го заштити критично загрозениот балкански рис применувајќи широк спектар на методи. Тековните активности се насочени кон работа со веќе формираната мрежа од луѓе кои се постојано на терен и придонесуваат за подетален мониторинг на рисот и неговиот плен. Освен тоа, тимот на МЕД работи и на основање систем за мониторинг за рисот и неговиот плен; покренување на повеќеслојна иницијатива за промоција на одржливо ловство; унапредување на законската заштита и управувањето со клучните области за зачувување на дивиот свет; и јакнење на капацитетите и соработката помеѓу локалните чинители.

2014 година ја одбележаа бројни активности поврзани со истражувања преку фото замки во повеќенаменското подрачје „Јасен“, националниот парк „Пелистер“, на планините Стогово и Караорман - Кичевско, Ниџе и Осогово.

Посебна компонента на програмата за закрепнување на балканскиот рис, е

воспоставување заштитени подрачја кои ќе пирдонесат кон дополнителна заштита на овој загрозен вид. Во таа насока, во соработка со општина Демир Хисар, беа изготвени предлози за заштита на Блатен даб - Слоештица и Дабова состоина - Мренога и нивно прогласување како природни реткости. Како дел од активностите за јакнење на капацитетите на локалните партнерски организации беше организирана обука за локални организации од Демир Хисар на тема „Од идеја до успешен проект“, како и обука за процесот на прогласување на Натура 2000 подрачја на подрачјето Белчишко Блато.

Делот од програмата која се однесува на поддршка на локалното населени со цел промоција и заштита на територииите значајни за рисот, предвиде отпочнување на програмите за финансирање краткорочни проекти на Јабланица, Шар Планина и Илинска-Плакенска Планина. На конкурсот беа избрани вкупно 12 проектни концепти (1 за Шар Планина, 5 за Јабланица и 6 за Илинска-Плакенска). Освен МЕД, партнери на третата проектна фаза се: Euronatur - Германија, Кора - Швајцарија, PPNEA - Албанија, ЦЗИП - Црна Гора, Финч и ERA - Косово, а финансиите ги обезбеди швајцарската фондација MAVA.

4. Програма „Управување со заштитени подрачја“

МЕД во досегашната работа одиграе значајна улога во истражување, едукација и техничка помош во врска со унапредување на управувањето со природните ресурси во Македонија. Заштитените подрачја имаат значајна улога во одржувањето на биодиверзитетот и природната состојбата на екосистемите.

Утврдувањето на статусот и состојбата на одредени животински и растителни видови и живеалишта укажуваат на итната потреба од посебна заштита на одредени подрачја и нивно прогласување за заштитени како на национално така и на прекугранично ниво.

Оваа програма има за задача да го следи и активно да учествува во процесот на унапредување на системот на заштитени подрачја во Македонија. Преку програмата за заштитени подрачја МЕД активно се залага за ширење на информациите за подобрување на состојбата со заштитените подрачја преку обуки, советодавни услуги и конкретни акции во одредени подрачја.

Учеството во дефинирање на национални документи (закони, стратегии, развојни програми и слично) поврзани со заштита на природното наследство е дел од полето во кое делува МЕД. Покрај тоа, преку учество на конференции, трибини, работни состаноци и други собири МЕД континуирано придонесува кон подобро планирање и управување со заштитените подрачја.

МЕД го промовира концептот на зачувување на пределот како основа за обезбедување на услови за заштита на биодиверзитетот и вклучување на потребите и бенефитите на луѓето од пределот и ресурсите, како нов концепт во заштитата на природата, што се одслукува преку другите програми.

Долгогодишниот мониторинг на балканскиот рис е основа за дефинирање на коридори помеѓу постоечките заштитени подрачја. Во овие подрачја МЕД спроведува активности кои водат кон полесно прифаќање на концептот на заштитени подрачја. Мониторингот на балканскиот рис исто така е основа за прилагодување на планот за управување на дел од заштитените подрачја, кој за жал не е доволно искористен. Загубата на некои живеалишта, како блатните и мочуришни



Подрачја на дејување на МЕД во рамки на одделните проекти

површини водат кон загуба на значајни видови од флората и фауната, па затоа дел од активностите спроведени во 2014 се однесуваат на дефинирање на конкретни мерки за зачувување на овие живеалишта.

Акции и иницијативи за прогласување заштитени подрачја кои ги презема МЕД за подобрување на мрежата на заштитени подрачја.

4.1 Поддршка за креирањето на Прекуграничен биосферен резерват „Осогово“ помеѓу Бугарија и Македонија

Главната цел на проектот беше да се создадат предуслови за креирање прекуграничен биосферен резерват во осоговскиот регион, преку реализирање на специфични активности за подобрување на моменталните управувачки практики во насока на одржливост, промовирање на вредностите на регионот и потреба од негова заштита, како и подобрување на соработката и активно вклучување на клучните засегнати страни на национално и прекугранично ниво. Партнери на МЕД во овој проект се Бугарска фондација за биолошка разновидност и Euronatur, а финасиер е Франкфуртското

зоолошко друштво.

Во 2014 година, активностите на МЕД во Осоговскиот регион беа поврзани со усогласување на ставовите и решавање на проблемите на општината Крива Паланка во реализирањето на планираните инфраструктурни проекти во зоните за строга заштита, произлезени по поднесувањето на „Студијата за валоризација со предлог за заштитен предел на Осогово“. Од друга страна, МЕД преку обезбедување потребни податоци и совети даде поттик и поддршка на општина Пробиштип во намерите да воспостави заштитено подрачје на локалитетот Ратков Скала. Исто така, зајакната е и соработката со шумарскиот сектор во насока на подобрување на нивните практики и тоа: беше одржана прекугранична работилница за сертификација на шуми, беа орџани повеќе состаноци и една работилница на локално ниво, започната е постапка за идентификација на шуми со висока вредност со ПШС „Осогово“ - Кочани (за осоговскиот дел од единицата), а беа организирани и два промотивни настани на осоговскиот регион - „Осогово и лично и различно“.

4.2 Прекуграничен биосферен резерват „Охрид-Преспа“

МЕД се вклучи со своја експертиза во изработката на формуларот за номинација на подрачјето „Охрид-Преспа“ за биосферен резерват. Процесот беше иницира од страна на националниот парк „Преспа“ во Албанија, во рамките на проектот финансиран од страна на KfW. МЕД изработи повеќе од 20 тематски карти и соодветни гео-статистички анализи кои придонесоа кон финализирање на целокупната документација за номинација.

4.3 Изработка на анализа на недостатоци во еколошки податоци и изработка на карта на еколошка сензитивност за подрачјето на сливот на река Брегалница

Основна цел на оваа проектна активност е анализа на недостатоците во еколошките податоци и изработка на карта на еколошка сензитивност за подрачјето на сливот на реката Брегалница и нивно пополнување, како основа за зачувување на биолошката разновидност и нејзино одржливо искористување преку анализа на постоечките информации, обемни теренски истражувања и предлог за воспоставување на заштитени подрачја. Изработката на документите се одвива во рамките на Програмата за заштита на природата во Македонија, координирана од Фармахем и Helvetas Swiss Intercooperation, а финансирана од Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC). Спроведувањето на активности-

те се врши во координација со останатите проектни активности кои се спроведуваат во подрачјето на сливот на река Брегалница и се очекува резултатите од овој проект да бидат бидат интегрирани во просторниот план за Источниот плански регион. Оваа проектна активност МЕД ја спроведува под водство на консултантската фирма Деконс ЕМА и Центарот за развој на Источниот Плански регион (ЦРИПР).

4.4 ПреспаНет

МЕД е член на мрежата на граѓански организации - ПреспаНет, заедно со SPP од Грција и PPNEA од Албанија, формирана во март 2013 година за заедничко делување на трите страни во Преспанскиот регион, во насока на зачувување на уникатното Преспанско богатство и промоција на социјално-економскиот развој. Активностите на мрежата се насочени кон исполнување на зацртаната визија за сегашно и идно зачувување на културниот и природниот идентитет на Преспа и нејзините жители.

Во 2014 година, членовите на мрежата спроведоа активности поврзани со одбележување на 2ри февруари - Светскиот ден на водните живеалишта, преку огласување во јавните медиуми и организирање едукативни активности за децата од регионот; бројни работни состаноци со членовите и претставниците на засегнатите страни во регионот; избор и назначување на претставници за комуникација и работа; изработка, печатење и дистрибуција на ПреспаНет информаторот и изработка на работна верзија на прекугранична стратегија за Преспа.

4.5 Зачувување на биолошката разновидност преку одржливо управување на ресурсите на Шар Планина

Проектот започна да се спроведува на крај на 2014 година. За исполнување на главната идеја на проектот - зачувување на големата видова разновидност на Шар Планина и поддршка за прогласување за национален парк, планирани се бројни активности за чија реализација е неопходно активно вклучување на локалните чинители. Во таа насока, ќе биде изработена проценка за зонирање и водич за управување со паркот, воспоставување прекугранична работна група за управување и зонирање, како и вреднување на природните вредности и подобрување на инфраструктурата за туризам во природа. Проектот се спроведува во партнерство со Euronatur, а со финансиска поддршка од Германската федерална фондација за животна средина, DBU.

5. Програма „АГРОЕКОЛОГИЈА“

За обезбедување поголеми приноси, земјоделското производство сè повеќе се интензивира. Агроекосистемите имаат големо негативно влијание врз животната средина и природата. Колку земјоделството е поразвиено и поинтензивно, толку негативното влијание врз природата е поголемо, односно загадувањето на подземните води и загубата на станишта и растителни и животински видови е поголема. Исто така, тука е и директното влијание врз деградацијата на природните екосистеми со зафаќање на земјиште. Од друга страна пак, традиционалното или екстензивно земјоделство помага во зачувување на агробиодиверзитетот (старите автохтони видови и сорти) и зачувување на пределот. Главна цел на програмата за агроекологија е зачувување на земјоделството со високи природни вредности.

Во рамките на оваа програма во текот на 2014 година, МЕД во соработка со Факултетот за земјоделски науки и храна (ФЗНХ) реализираше активности во насока на зачувување на автохтоната раса на куче шарпланинец и започна активности за идентификација и заштита на локалните сорти растенија и автохтони видови животни во Брегалничкиот слив.

5.1 Карактеризација на биолошка разновидност на шарпланинецот, негова дисперзија и реинтродукција во рурални подрачја и одгледувачи на расата

Главната цел на проектот беше заштита на автохтоната раса шарпланинец, за што беа спроведени повеќе активности: споредба со стандардите на расата и креирана база на педигрирани кучиња; преземен софтвер за внесување и водење на сите педигрирани кучиња од расата регистрирани во Кинолошки сојуз на Македонија; избор на карактеристични претставници на расата; одреден е степенот на варијабилност на популацијата на ниво на ДНК; идентификувани се рурални подрачја со активни фарми и заинтересирани одгледувачи на расата; ширење на расата во југозападниот и североисточниот плански регион во Македонија преку вклучување нови одгледувачи, одгледување на шарпланинецот во неговата природна средина и негова реинтродукција на овчарски фарми; одгледување, правилен раст и развој на подмладокот.

До пошироката јавност беа дистрибуирани информации за спроведените активности и добиените резултати на различни состаноци, беше спроведена обука на инволвираните страни, а беше одржана и работилница за обука на идните одгледувачи. Беше организиран завршен настан за презентирање на спроведените активности и резултати. Во рамките на проектот се издаде и брошура-водич за идните одгледувачи на расата.

Еден од резултатите на проектот беше и постигнатите измени во Законот за сточарство каде што Шарпланинецот е додаден во делот на заштитени автохтони раси на домашни и стопански корисни животни. И како резултат на тоа, во рамки на Програмата за финансиска подршка на земјоделството, во директните плаќања за подмерка 2.24 се обезбедени средства за субвенционирање на оваа раса на животно.

МЕД овој проект го спроведе во партнерство со Факултетот за земјоделски науки и храна, финансиите ги обезбеди GEF Програмата за мали грантови, а кофинансирањето беше од Фондацијата отворено општество Македонија.

United Nations Decade on Biodiversity

6. Програма „Политики за заштита на природата и животната средина“

Една од важните улоги која МЕД ја има на национално ниво е да обезбеди стручна поддршка на релевантните владини институции преку директно вклучување во процесот на изработка или давање коментари при изработката на различни стратешки документи и законска регулатива за заштита на природата и животна средина. Во таа насока, особено значаен беше процесот на ревизија на Националната стратегија за биолошка разновидност со акциски план кој се одвиваше во текот на 2013-2014 година.

Покрај тоа, МЕД со свои коментари активно учествува во процесот на изработка и донесување стратешки и плански документи од други релевантни области (како што е Стратегијата за органско производство, Стратегијата за животна средина и климатски промени) како и коментари и предлози за измени и дополнувања на релевантни закони и подзаконски акти. МЕД учествува и во работата на Комитетот за следење на ИПАРД програмата во Македонија уште од 2011 година.

За поддршка на процесот на ревизија на Националната стратегија за биолошка разновидност со акциски план (НСБРАП) и изработка на петтиот национален извештај кон Конвенцијата за биолошка разновидност (КБР), членови на МЕД беа вклучени во експертскиот тим за изработка на Стратегијата и петтиот национален извештај кон КБР. Во оваа цел беше организирана работилница со засегнатите страни каде беа дефинирани акции за постигнување на новопоставените цели за биолошка разновидност и беше дизајниран механизам за размена на информации за биолошка разновидност. Проектот го спроведуваат Канцеларија на UNEP во Виена и Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Македонија, а финансики е поддржан од GEF.

Анализа на усогласеноста на националното законодавство со законодавството на Европската унија, јакнењето на капацитетите кај различни чинители како и обезбедувањето научни податоци и експертска поддршка во спроведувањето на обврските од европското законодавство од областа на заштита на природата (особено двете најзначајни директиви на ЕУ за птици и живеалишта) се дел од повеќе проектни активности. Во таа насока, спроведената обука за постапката на идентификација и номинација на Натура 2000 подрачјата преку конкретен пример (Белчишко Блато) беше особено корисна за вработените на МЕД.

7. Програма „Луѓето и природата“

Со цел да се запре загубата на биолошката разновидност и да се одржи благосостојбата на луѓето, потребно е коренито познавање на природата со сите нејзини компоненти од една, и потребите на општеството, од друга страна. Приоритетите на МЕД се во насока на решавање предизвици насочени кон зачувување на биолошката разновидност. Но, со тек на времето, во процесот на донесување одлуки, сè поизразена станува потребата од почитувањето на поврзаноста на луѓето и природата како една целина, наместо како одвоени компоненти.

Целите на оваа програма се базираат на разбирање на општествениот и културниот контекст и нивно насочување кон зачувување на природните вредности. Според својата природа на делување, МЕД се труди активно да ги вкучи сите засегнати страни на сите нивоа во реализацијата на проектите, со цел да се стигне до стратешка и интерактивна комуникација и одлучување.

Со комбинирање на својата стручност, знаење и искуство, МЕД придонесува кон имплементација на прифатливи решенија за зачувување на биолошката разновидност преку ефективна комуникација, организација и олеснување на процесот на консултации со заинтересираните страни, како и обука во однос на развивање вештини и зајакнување на капацитетите на други граѓански организации. Преку формирање неформални и формални партнерства и мрежи, МЕД одржува секојдневна комуникација со индивидуалци, граѓански организации, медиуми, експерти и т.н.

7.1 Поврзување на луѓето со природата 2 – вмрежување и зајакнување на граѓанските здруженија во Македонија

Спроведувањето на овој проект придонесува кон зајакнување на капацитетите на националните и локалните граѓански организации преку вклучување на македонските граѓани како волонтери за заштита на природата преку преземање акции кои би придонеле кон имплементација на регулативите на ЕУ за зачувување на подрачјата потенцијални да бидат вклучени во мрежата Натура 2000.

Во 2014 година беше организирана воведна обука наменета за сите партне-

ри со која беа опфатени неколку теми: работење со волонтери; механизми за вмрежување и соработка меѓу локални конзервациски групи; вклучување на населението во кампањи за заштита на природните вредности. Беа одржани вкупно 16 заеднички настани со партнерите („Арт Поинт Гумно“ - с. Слоештица, „Грашница“ – Охрид, „Центар за едукација и развој“ – с. Теарце и ПК „Љуботен“ – Тетово) и волонтерите во нивните организации. Со овие активности беа обединети ученици, средношколци, наставници и професори, планинари, локални жители, претставници од општини, национални паркови. Проектот е финансиски поддржан од ИПА на-

ционалната програма на Европската унија за Македонија и PlantLife од Обединетото Кралство.

7.2 Подобрување на прекуграничната соработка и развој на планинскиот масив „Јабланица – Шебеник“ преку активна вклученост на локалното население

За воспоставување подобра прекугранична соработка и развој на регионот, неопходно е активното вклучување на локалното население. Идејата е преку промовирање на позитивните практики за одржливо користење на природните ресурси да се подигне свеста на жителите за одржливо искористување и примена на методи кои не ѝ наштетуваат на природата. Преку овој проект локалното население се оспособува за идно управување со животната средина во прекугранично заштитено подрачје. Во 2014 година беа одржани три работилници, на теми: одржливо користење на природни ресурси, најдобри еко-пракси и подготовка на предлог проекти. Двете студиски посети во Македонија и Албанија се одржаа во јуни со цел зајакнување на соработката на релевантните чинители од пограничните општини во насока на прогласување на идно прекугранично заштитено подрачје „Јабланица-Шебеник“. Во рамките на оваа активност, проектот доби писмена поддршка од шест градоначалници од Македонија и Албанија. Во август се одржа летен студентски камп за подигнување на свеста кај младите од Македонија и Албанија за заштитените подрачја, но и одржливото користење на природните ресурси. Во септември МЕД го претстави проектот на прекуграничниот саем на ИПА проекти во Тирана. Проектот воспостави соработка со прокгармата за закрену-

вање на балканскиот рис (фаза 3) БЛРП 3 и „Вода за езерата, блатата, изворите и луѓето на Јабланица“ преку вмрежување на контакти и подобрување на капацитетите кај соработниците од регионот. Четири од петте одобрени мали проекти од БЛРП 3 се предлог проекти поднесени од учесниците коишто беа дел од активностите реализирани во рамки на проектот ИПА- Јабланица-Шебеник.

Во реализација на проектот освен МЕД вклучени се и PPNEA од Албанија и Германската фондација Euronatur. Финансиски е поддржан од Европската унија, претставувана од Делегацијата на ЕУ во Република Македонија.

7.3 Запознавање со штрковите, зачувување на локалното знаење за идните генерации - Село на штркови Чешиново-Облешево

Во рамките на иницијативата на фондацијата Euronatur за прогласување Европските села на штркот, во Македонија во 2013 година, за прв пат беше назначено „Село на штрковите Чешиново-Облешево“. Признанието беше доделено со оглед на фактот дека во рамките на општината постојат повеќе од 70 гнезда на оваа птица, кои го прифатиле традиционалниот селски живот и околина како одлично место за живот и подигнување на подмладокот. Ова признание кое го доделува Euronatur, досега го имаат добиено села од Полска; Хрватска, Бугарија, Швајцарија, Унгарија, Германија, Романија, Словенија, Австрија, Турција и Словачка.

Како дел од иницијативата, во 2014 година, во Македонското село на штрковите Чешиново–Облешево беше одбележан Ден на штрковите. Овој настан беше организиран од МЕД во соработка со Општината и локалните невладини организации и индивидуални занаетчии со заедничко реализирање и на промотивниот настан „Осогово - и лично и различно“.Целта на овој проект е подигнување на локална и регионална свесност за овој вид, зајакнување на врската помеѓу локалните жители со оваа препознатлива птица и зачувување на локалното културно наследство. Финансиер на проектот е Европската мрежа на села на штркови (European Stork Village претстваена од фондацијата Euronatur и невладината организација Ciconia).

8. Програма „Еколошка едукација“

Еколошкото образование во едукативниот систем во Македонија е недоволно застапено. Слично може да се каже и за делот подигнување на јавната и институционалната свест за заштитата на животната средина. Децата се сè помалку во контакт со природата, а на училиштата и останатите образовни институции им треба поголемо охрабрување, ресурси и време за да посветат внимание на образованието за животната средина и едукација во природа. Од друга страна, потребни се финансиски средства и друга помош за обука на наставниот кадар за нивно соодветно вклучување во едукативни активности од ваков тип.

МЕД преку спроведување различни едукативни активности, обуки и работилници, помага во проширување на знаењата на различни целни групи за прашања поврзани со екологијата и обезбедува програми за финансиска поддршка.

Поддршката на МЕД не е насочена само кон јакнење на капацитетите, туку и кон подигнување на јавната свест за еколошките прашања и продлабочување на интересот меѓу населението за активно учество во процесите на заштита на животната средина и природата преку иницијативи за лично или социјално учество. МЕД вложува големи напори во вклучувањето на јавноста и поттикнува акции кон општествени промени, организира настани и се вклучува во меѓународни кампањи поврзани со заштита на животната средина и природата, печати и објавува различни информации и публикации, со што обезбедува широк спектар на ресурси за различни целни групи.

Во 2014 година беа спроведени бројни предавања во насока на подигнување на јавната свест меѓу различни засегнати страни, како и вклучување во меѓународни иницијативи и кампањи чии цели се поистоветуваат со целите на МЕД.

Особено значајни се реализираните активности за проширување на еколошките знаења кај децата од сите возрасти. Во текот на 2014 година беа реализирани бројни предавања, интерактивни игри и слични активности со повеќе градинки, основни и средни училишта на целата територија на Македонија. Соработката со скопската градинка „Мајски цвет“ продолжи, преку реализирање предавања за важни видови животни и растенија од Македонија и посета на Зоолошката градина и Природонаучниот музеј на Македонија. Истиот принцип на воведување на децата од предучилишна возраст во еколошкото образование беше претставено и во уште две градинки во Скопје.

Во март 2014 година, беа реализирани едукативни предавања за значењето и важноста за зачувувањето на водните живеалишта и нивната поврзаност со земјоделието, во училиштата од Преспанскиот регион, како дел од задничката иницијатива на МЕД и SPP од Грција во рамките на ПреспаНет.

МЕД веќе 20 години ја поддржува работата на Истражувачкото друштво на студенти биолози (ИДСБ) преку обезбедување стручна и финасиска помош во развојот и реализацијата на тековните активности на Друштвото. Во 2014 година, МЕД активно се вклучи во реализирањето на дваесеттата по ред летна научно-стражувачка акција спроведена на планината Плачковица. Акциите се организирани со цел вклучените студенти да ги продлабочат своите знаења, да се стекнат со нови вештини и знаења, искуства за работа на терен, следење на состојбата на живеалиштата, начини на собирање материјал и постапка за конзервирање на материјалот. Учесници на овие акции се не само студентите по биологија туку и заинтересирани средношколци и студенти од сродните факултети од соседните држави.

8.1 Проект „Едукација и јакнење на капацитетите за заштита на Дојранското Езеро, приоритетно клучно подрачје за биолошка разновидност“

Главната цел на овој проект беше креирање на локална група за зачувување на биолошката разновидност на Дојранското Езеро. Во рамките на проектот беа организирани два едукативни кампа за основен еколошки мониторинг за средношколци од регионот, по кои

следеше формирање на локална група ученици заинтересирани за зачувување на биолошката разновидност и изработка на основен водич за техниките и постапките за мониторирање на езерскиот екосистем. Финансиер е Партнерскиот фонд за критични екосистеми (CEPF) и претставува заедничка иницијатива на Француската агенција за развој (l'Agence Française de Dèveloppement), Conservation International, Европската Унија, Глобалниот еколошки фонд (the Global Environment Facility), владата на Јапонија, Фондацијата МекАртур (the MacArthur Foundation) и Светската банка. Основна цел на иницијативата е да обезбеди вклучување на граѓанското општество во заштита на биолошката разновидност.

8.2 Едукативна екскурзија „Заштита на природните вредности во Македонија“

На иницијатива на Универзитетот за природни ресурси „Боку“ од Виена, во Македонија на крајот на мај се одржа едукативна екскурзија „Заштита на природните вредности во Македонија“, како резултат на соработката меѓу виенскиот универзитет, Природно-математичкиот факултет од Скопје и МЕД. Дваесет и шест студенти од Универзитетот од Боку посетија повеќе локации во преспанскиот и охридскиот регион, Шар Планина и Осоговските Планини, каде се запознаа со практиките за зачувување на природата во Македонија. Свој придонес кон остварување на целта на екскурзијата дадоа претставници од канцеларијата на UNDP во Преспа, општината Ресен, НП „Пелистер“, Хидробиолошкиот институт од Охрид, SPP од Грција и ПК „Љуботен“. МЕД одржа едукативни презентации на темите заштита на природата, воспоставување на прекугранични заштитени подрачја, иницијативи за воспоставување на биосферен резерват, предизвици и достигнувања во зачувување на биолошката разновидност и мониторинг и предизвици и успеси во одржливо искористување на природните ресурси.

8.3 Едукативни активности на Осогово

Активности за промоција на старите букови шуми беа спроведени во октомври 2014 година на Осогово, како пилот-проект поддржан од обуката за лидери во заштитата на животната средина НатуРегио-Балкан. При тоа беа спроведени предавања за вредностите на стари букови шуми на повеќе од 200 деца на 13 годишна возраст од две основни училишта од Кочани во кои беа вклучени и едукативни игри за буковото дрво и белогрбиот клукајдрвец како карактеристичен вид за овие шуми.

Дел од едукативните активности беше и промоцијата на едукативната патека за вредностите на буковата шума –

„Патеката на клукајдрвчето“ и изложбата на детските ликовни и литературни творби на тема „Старата бука“, инспирирани по одржаните предавања на Пониква. Овие активности беа реализрани со помош на претставници на првиот скопски извиднички одред, а поддржани од општината Кочани, ПШС „Осогово“ -Кочани и повеќе локални здруженија и производители на храна.

8.4 Едукативни активности на Јабланица

Во рамките на проектот „Подобрување на прекуграничната заштита и развој на планинскиот масив Јабланица-Шебеник преку активна вклученост на локалното население“ беа спроведени неколку едукативни активности како на локално така и на прекугранично ниво, и тоа:

Едукативен пикник - Јабланица

Во јуни, МЕД спроведе едукативен пикник под мотото „*Да се запознаеме со природните вредности на планината Јабланица*“, наменет за ученици од основните училишта во Струга и Вевчани. Децата имаа можност преку едукативни игри и прошетка да се запознаат со природните ресурси на Јабланица. Оваа активност МЕД ја *спроведе во соработка со* локалната агенција за развој на Струга.

Едукативен камп – Албанија

Во август 2014 година се одржа студентски камп во националниот парк „Јабланица-Шебеник“ во Албанија. Триесетина студенти од Македонија и Албанија, во Фуш Студен, Албанија, се запознаа со природните вредности на Паркот и засегнатите видови на Балканот (цицачи, габи, растенија и инсекти).



Студиски посети

Како дел од активностите на проектот за подобрување на прекуграничната заштита и развој на Јабланица – Шебеник, во јуни 2014 година, МЕД организираше студиски посети за претставниците од локалната самоуправа, невладиниот и јавниот сектор од јабланичкиот регион од Македонија и Албанија на планинскиот масив Јабланица, каде учесниците разменија искуства и воедно се договорија за заеднички делувања во насока на заштита на природните вредности на овој планински масив.

8.5 Јакнење капацитети на вработените

Едукација за одржлив развој, Амфиса, Грција

Двонеделниот курс одржан во јули 2014 година, во центарот за Едукација за одржлив развој (Education for Sustainable Development - ESD) во Амфиса, Грција, се базираше на преставување на главните принципи и методи на одржливиот развој преку активно вклучување и критичко размислување, партиципативни процеси, интердисциплинарни и систематски пристапи, како и вештини за подобрување на работата на 40 учесници од 11 држави. Во текот на различните фази на курсот и сесиите, учесниците, меѓу кои и претставник на МЕД, беа во центарот на сите активности, реализирајќи различни задачи преку индивидуална или групна работа, вистински сценарија, па така учесниците можеа да споредат планови за управување на одредени заштитени области и да извлечат заклучоци, да спроведат интервјуа со персоналот на ESD во врска со различните едукативни активности кои центарот ги применува, итн. Освен основно теоретско предавање; имаше и активности во работни групи за утврдување на наученото со активна примена, вежби за решавање на проблеми, идни сценарија, работа на терен.

Во текот на сесиите, учесниците беа секојдневно оценувани користејќи различни алатки, прашалници, игри, евалуација, разгледување на вежби, итн., не само со цел да се оцени нивниот напре-

док, но, исто така, и да се покаже дали некоја од сесиите треба да се прилагоди за да ги задоволи нивните потреби.

Обука за лидери во заштитата на животната средина - NatuRegio, Германија

Претставници на МЕД учествуваа на едномесечна тренинг програма во Германија за доусовршување на млади професионалци кои работат во областа на заштита на природата, управување со заштитени подрачја и одржлив локален развој. Покрај учесници од Македонија на тренингот NatuRegio имаше учесници и од Босна и Херцеговина, Хрватска, Црна Гора, Србија и Словенија од различни организации или институции, како од владиниот така и од невладиниот сектор. Целта на програмата беше зајакнување на одржливата заштита на природата и регионален развој во одредени балкански држави, охрабрување на прекуграничната соработка и воспоставување мрежа од експерти од вклучените држави. Благодарение на исклучителната организација, во текот на едномесечната обука учесниците успеаа да видат дел од најдобрите практики за заштита на природата во Европа. Престојот беше организиран на седум различни локации во Германија.

Во текот на обуката беа претставени примери за приоди на заштита на природата, почнувајќи од Балтичкото и Северното Море на север па до Баварија и течението на Дунав на југ, потоа различни типови на управување со земјиштето и пределите од низини, поплавени подрачја, земјоделско земјиште, шуми, национални паркови, биосферни резервати, подрачја значајни за светското наследство и Рамсар подрачја.

Програмата е развиена од Академијата за заштита на природата „Алфред Тоефер“ во соработка со „*Германската државна фондација за природа*“ - DBU, Фондацијата „Хајдехоф“ и Фондацијата „Алфред Тоефер“ F.V.S.

Обука за мултилатерални договори за животната средина, Финска

Обуката за мултилатерални договори за животната средина (Multilateral Environmental Agreements-MEAs) на која учествуваше претставник од МЕД се одржа во периодот од 20-30 октомври во градот Јоенсу, Финска. Темата на единаесеттиот по ред настан од ваков тип беше еколошка сигурност. Целта на обуката беше подобрување на знаењата во процесот на дијалози од областа на животната средина преку размена на искуства и конкретни примери од земјите учесници. Обуката беше финансиски овозможена од Програмата на Обединетите нации за животна средина (United Nation Environmental Programme-UNEP) и Универзитетот на Источна Финска (University of Eastern Finland).

Работилница за клучните закани за птиците преселници во Медитеранот – размена на искуства, Никозија, Кипар

Во Никозија, Кипар, од 20 до 24 мај 2014 година, под покровителство на BirdLife Кипар се одржа работилница на која земјите низ кои поминуваат Медитеранските прелетни патишта разме-

нуваа искуства за намалувањето и елиминирањето на заканите за птиците преселници. Оваа работилница е резултат на работата на заедничкиот проект за градење на капацитети за зачувување на прелетните патишта на Медитеранот на осум земји (Турција, Либан, Кипар, Малта, Македонија, Црна Гора, Мароко и Тунис). Работилницата обедини и други медитерански земји кои се соочуваат со слични предизвици, како: Шпанија, Португалија, Либија, Египет и Албанија. Сите учесници ја потврдија својата заложба за понатамошно учество во иницијативата и договорија конкретни чекори на меѓународно ниво со кои ќе се зголеми поддршката за безбедни прелетни патишта.

Обука за Натура 2000, Македонија

Со цел јакнење на капацитетите на МЕД, во периодот 6-10 октомври 2014 година беше одржана обука за процесот на воспоставување на мрежата Натура 2000 во Македонија. Обуката се одржа во рамките на проектот „Програма за закрепнување на балканскиот рис", а предавачи беа претставници од организациите ZaVita и Lutra од Словенија. Теоретскиот дел од обуката беше одржан во канцеларијата на МЕД каде беа презентирани општи информации за мрежата Натура 2000, законодавството, значајни организациски информации за идентификација на Натура 2000 подрачјата и воспоставување на мрежата, како и основни податоци за управување со овие меѓународно значајни подрачја.

Вториот дел од обуката се одржа на Белчишко Блато и се состоеше главно во практична примена на познавањата и подготовка на стандардната форма за податоци (SDF) за подрачјето Белчишко Блато, која треба да се пополни за секое подрачје кое се номинира за вклучување во Натура 2000.

9. Програма „ГИС аналитика и управување со бази на податоци“

Потребата за формирање посебна програма за ГИС аналитика и креирање и управување со бази на податоци произлезе од сѐ поголемиот обем на проектни активности поврзани со изработка на различни картографски прилози, креирање бази на податоци како и спроведување различни анализи (анализа на погодноста на стаништата, промени во распространувањето на одредени видови и живеалишта и др.) преку моделирање со користење на различна софтверска поддршка (пр. Larch, MaxEnt итн).

Во рамките на Проектот за заштита и закрепнување на балканскиот рис – фаза 3, програмскиот тим, им помогна на проектните партнери од Црна Гора и Косово во подготовката на статистичките анализи за спроведените прашалници од основните истражувања. Исто така, беше одржана обука на вработените на МЕД за идентификација на Натура 2000 подрачја, за чии потреби беа изработени и адаптирани повеќе тематски ГИС податоци за пилот подрачјата - Белчишко Блато и Јабланица.

Главен продукт од проектот за сливното подрачје на Брегалница е картата на еколошка сензитивност, за чија изработка беше неопходна адаптација на постоечката методологија, за која е потребно прибирање голем број различни податоци од теренските истражувања на експертите и нивно унифицирање во заедничка база на податоци. Оттаму, креирани се повеќе бази на податоци специфични за секоја од експертските групи.

Картирање на водните тела на Јабланица и одредување на нивниот еколошки статус беше направено како една од активностите на проектот за зачувување на езерата, блатата и реките и луѓето на Јабланица.

Во рамки на проектот „Осоговските Планини во Балканскиот зелен појас”, започнаа активности за идентификација и сертификација на шуми со висока конзерваciска вредност, при што постоечките податоци за шумските фитоценози се корегирани и ажурирани согласно актуелните податоци содржани во новите шумско стопански планови на ЈП Македонски Шуми.

Следејќи ги современите трендови во научните истражувања во полето на екологијата и ГИС тимот и оваа година продолжи во насока на надополнување на постоечките и креирање на нови

бази на податоци од повеќе области (хидрологија, искористеност на земјиште, геологија и сл.) кои понатаму можат да се користат во прилог на актуелните и идните научно-истражувачки и апликативни проекти. Дополнително, годинава тимот даде свој активен придонес кон изработка на неколку научни и магистерски трудови преку креирање и користење на модели меѓу кои:

- Maxent моделот преку кој беше определена поволноста на стаништата за присуство на балканскиот рис и беа проценети распространетоста, бројноста и коридорите кои балканскиот рис ги користи.
- WHEBIP моделот со кој преку далечинско толкување на индикативните пределни параметри по течението и во сливот на водотеците беше определен еколошкиот интегритет на над 250 водотеци во сливот на реката Брегалница.



10. Програма „Односи со јавност“

Програмата за Односи со јавност заедно со програмата за еколошка едукација опфаќа активности вклучени и во останатите програми на МЕД.

Во текот на април 2014 година беше изработена нацрт Стратегија за соработка со локални конзервациски групи, во рамки на проектот „Развој на капацитети за заштита на преселните патишта на птиците во Медитеранот“. Стратегијата беше изработена во континуирана соработка со вработените и претседателството на МЕД. Периодот за реализација на поставените мерки и активности со оваа стратегија е 2015-2020 година.

Суштината на стратегијата е давање насоки кон поставување добра соработка со т.н. локални конзервациски групи (ЛКГ) кои се активни во подрачја важни за зачувување и заштита. Предложени се и активности како да се постави добра основа со цел соработката помеѓу ЛКГ да премине во формална мрежа (која може да биде раководена од МЕД), која би била од големо значење како за локалните интереси, така и за заштитата на природата и животната средина. Подолгорочната визија за ваквата формална мрежа на ЛКГ е во насока на зајкнување на поврзаноста помеѓу МЕД и ЛКГ во поглед на зголемена ефективност и ефикасност во процесите на мониторинг, заштита и еколошка едукација на локално ниво.

10.1 Кампањи и одбележување значајни денови

Кампања „Пролетта доаѓа!“

Иницијативата за оваа кампања е започната пред десет години од страна на BirdLife, на која во текот на годините се приклучуваат околу педесет земји партнери од Европа и Африка. Македонија е вклучена во оваа кампања веќе пет години. Целта на кампањата „Пролетта доаѓа!“ е да се поттикне интересот за природата кај децата и тие да се охрабрат директно да учествуваат во зачувувањето на птиците преселници. Преку нивното пријавување на првите птици преселници на веб страната www.springalive.net се генерира интерактивна карта на која може да се следи пристигнувањето на пролетта низ Европа. Нашите главни активности под оваа кампања се презентациите кои се одржуваат во училиштата низ цела Македонија како и активностите на отворено преку кои децата ги

запознаваат птиците и преку игри учат за предизвиците на миграцијата. Кампањата во Македонија е фокусирана на пет птици преселници: селска ластовичка, пиштарка, штрк, кукавица и пчеларка.

Кампања „ Да го зачуваме синото срце на Европа“

Кампањата „Да го зачуваме синото срце на Европа“ е иницијатива на Euronatur и Riverwatch во соработка со неколку национални партнерски организации со цел да се спречи уништувањето на постоечката разновидност од недопрени реки, кристално чисти потоци, пространи речни долини, недопрени крајречни шуми и спектакуларни водопади на Балканскиот Полуостров или така нареченото „сино срце на Европа“. Во Македонија проектните активности ги спроведуваат три партнерски невладини организации – Фронт 21/42, МЕД и Еко-свест. Финансиската поддршка е обезбедена од MAVA и Euronatur. На меѓународно ниво целта на кампањата е да се спречи неконтролираното проектирање на хидроенергетски проекти и да се зачуваат највредните и најранливите речни екосистеми во Југоисточна Европа. На национално ниво, целта на проектот е да се напушти иницијативата за градба на хидроелектрани во националните паркови. Во таа насока минатата година беше изработена долгорочна стратегија за спроведување кампања на локално и национално ниво, преку спроведување на бројни активности за подигање на јавната свест за убавините и вредностите на НП „Маврово“, обезбедена е постојана комуникација со локалното население и повисоките органи надлежни за имплементацијата на хидроенергетските проекти. Како резултат на сеопсежно делување и активна кому-

никација со клучните страни, имплементацијата на хидроергетските проекти е одложена. Дополнително, издејствувано е повторно разгледување на оправданоста на имплементацијата на проектите од страна на национални и меѓународни експерти, одговорните инвеститори ЕБОР, Светската банка, надлежното министерство - МЖСПП и Владата на Република Македонија.

Светски ден на водните живеалишта - 2 февруари

Имајќи предвид дека водните површини се често блиску поврзани со земјоделството, истите беа тема на настаните кои се организираа за одбележување на Светскиот ден на водните живеалишта, а главниот фокус беше ставен на потребата од секторите за управување со водите и земјоделството да соработуваат заради постигнување подобри заеднички резултати. По тој повод, МЕД во соработка со SPP од Грција, спроведе едукативни активности кои го одбележаа овој важен светски ден. Темата на активностите беше директно поврзана со човековите активности кои влијаат на состојбата на целокупниот преспански езерски екосистем, како што се земјоделството, сточарството и рибарството. Активноста беше спроведена во основните училишта во регионот. Децата преку забава, игра и загатки се запознаа со бројните односи на водните живеалишта и земјоделството како примарна активност на локалното население, но и за начините како да се воспостави рамнотежа која ќе ги регулира овие односи.

ПреспаНет втора година по ред се огласува во медиумите со својот став и мислење во однос на состојбата со водните живеалишта и нивниот статус на заштита.

Меѓународен ден на планетата Земја - 22 април

Целта на одбележувањето на „Денот на планетата Земја" е да се подигне нивото на свесност за зачувување на животната средина. За првпат Светскиот ден на планетата Земја е одбележан на 22 април 1970-та година во САД.

МЕД оваа година се приклучи кон јавните активности за одбележување на овој ден, организирани од страна на раководниот тим на заштитеното подрачје „Јасен". Така, на три локации во рамките на „Јасен", претставници на МЕД одр-

жаа интересни предавања за богатиот растителен и животински свет во Македонија на деца од неколку основни училишта од Македонија.

Светски ден на птиците преселници - 11 мај

Македонско еколошко друштво и годинава се приклучи кон одбележувањето на Светските денови на птиците преселници. На овој ден во светот се организираа над 200 јавни настани - од фестивали за птици, преку едукативни програми до истражувачки екскурзии. Оваа година темата на кампањата беше „Птиците преселници и туризмот“, истакнувајќи ги врските меѓу заштитата на птиците преселници и развојот на локалниот еко-туризам. МЕД во соработка со општината Дојран одржа повеќе активности и организираше настан за одбележување на овој ден. Заедно со локалните жители и средношколци од регионот се спроведе туристичка прошетка низ Дојран, набљудување на птиците и запознавање со преселбата на птиците. Исто така, по кратокото предавање за значењето на одржливиот туризам за птиците и како Дојран може најдобро да го искористи овој голем туристички потенцијал, средношколците подготвија постер во форма на туристичка понуда за одржлив туризам во Дојран, кој вклучува и набљудување на птиците.

Меѓународен ден на биолошката разновидност - 22 мај

Со конкурс на фотографии на тема биолошката разновидност во Брегалничкиот регион, изработка на детски цртежи, организирање игри на тема екологија, промоција на проекти и размена на материјали за зачувување на биолошката разновидност во регионот, како и предавања во врска со биолошката разновидност беше одбележан Меѓународниот ден за заштита на биолошката разновидност во Делчево. На настанот беа претставени вредностите на биолошката разновидност во регионот, како и презентација за годинешната тема „Островски биодиверзитет», прогласена од страна на Конвенцијата за биолошка разновидност. На настанот учествуваа претставници на релевантни заинтересирани страни, пред сè деца и наставници од локалните училишта, локалното население, претставници од владини институции и граѓанските организации, општините и донаторите. Одбележувањето на денот на биолошката разновидност во Македонија беше ко-организирано од Програмата за зачувување на природата во Македонија финансирана од Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), а координирана од Helvetas Swiss Intercooperation и Фармахем и проектот „Поддршка на Република Македонија за ревизија на Националната стратегија за биолошка разновидност и акционен план и подготовка на Петтиот национален извештај кон Конвенцијата за биолошка разновидност», финансиран од GEF, а имплементиран од страна на Канцеларијата на UNEP во Виена и МЖСПП во соработка со национални организации и експерти. Поддршка за организација на настанот даде и општината Делчево.



Денот на биолошката разновидност беше одбележан на реката Вјоса во Албанија (13-15 јуни 2014). МЕД како долгогодишен партнер на организациите Riverwatch, Euronatur и PPNEA од Албанија, кои делуваат на полето на заштитата на природните вредности на Балканот, ја поддржа и помогна оваа акција со своето знаење и искуство. Списанието ГЕО од Германија традиционално го организира одбележувањето на Светскиот ден на биодиверзитетот.

ЕКО-САЕМ посветен на Светскиот ден на биолошката разновидност и меѓународните води и Денот на климатски промени и неразградливи органски загадувачи беше одржан на 4-5 јуни 2014 година, во просториите на Музејот на македонската борба. Саемот беше посветен на тековни и реализирани еколошки проекти, финансиски поддржани од програмите на Глобалниот еколошки фонд (GEF). МЕД учествуваше на саемот со презентација на сопствени промотивни материјали или изработени целно за четирите проекти спроведени во периодот од 2006-2014 година за кои МЕД има добиено финансиска поддршка од GEF и UNDP Македонија.

Европски денови на набљудување на птиците 2014

Активности за одбележување на овој ден во Македонија се спроведуваат започнувајќи од 2009 година. Оваа година беше организирано теренско истражување покрај реката Пчиња кај Катлаково, прелетна точка за преселните птици, на кое учествуваа повеќе заинтересирани набљудувачи на птици. На настанот во Зоолошката градина во Скопје имаше забавни и едукативни активности за сите возрасти, од боенки и оригами работилници, преку игри и награди, набљудување на птици со двоглед и телескоп, до можноста да се научи повеќе за загрозените видови птици во Македонија.

10.2 Промотивни активности и издавачка дејност

Тековните активности, постигнатите резлутати и најавите за следните иницијативи, МЕД континуирано ги објавува на веб страната www.mes.org.mk. Истовремено, активно ги користи и останатите социјални мрежи како твитер (58 следачи) и фејсбук (1,276 лајкови/допаѓања), каде има можност да дискутира со своите членови и поддржувачи, за сопствената работа и други прашања поврзани со заштитата на животната средина и природата.

МЕД континуирано се огласува со вести за сопствената работа во електронски и печатени медиуми, потоа за случувања во земјата и пошироко. МЕД се обидува редовно да ги коментира загрижувачките состојби со животната средина и биолошката разновидност на национално ниво.

Моето искуство како волонтер во МЕД

2014 година е мојата четврта година како волонтер во МЕД. Во овој период имав можност да бидам дел од многу проекти, да помагам во организацијата на многу настани, но пред сè, да стекнам незаменливо искуство. Верувам дека ова искуство ќе ми користи понатаму во животот, најмногу во мојата професија, без разлика која и да биде таа. Соочена со предизвиците на работата не терен, како и работата во канцеларија, научив како со истите успешно да се справам. МЕД за мене нуди и можност да се обучам во организирањето на настани и за овие пет години успеа да ме изгради во одговорна личност, која успешно го менаџира своето време.

Една од поважните способности со кои се стекнав, е таа успешно да го пренесам моето знаење на други, преку интерактивните предавања во склоп на кампањата „SpringAlive". Според мене, ова е една од активностите на МЕД во која секој нов волонтер може да се вклопи, без разлика на неговото дотогашно искуство. Слични се и настаните „Европски денови на набљудување на птици" и „Светскиот ден на миграторни птици". На овие настани, волонтерите можат да ја искажат својата креативност, но и да ги покажат своите јаки страни. На тој начин, не само што секој може да го пронајде своето место во Друштвото, туку може и да ги усовврши своите способности во одредено поле. Според мене, многу е значајно континуирано да се одржуваат ваквите настани со цел да се привлече и задржи вниманието на јавноста. Подигнувањето на свеста на јавноста е клучна во формирањето на волонтерската мрежа, како и добивањето на финансии и спонзорства за проектите. Но, пред сè, во исполнувањето на основната цел на проектите и кампањите.

Со сигурност можам да кажам дека најмногу уживам во теренската работа. Како дел од некои од значајните проекти за заштита на птици („Conservational Leadership Program", „International Waterbird Census"), го проширив моето познавање за птиците и бев упатена во методологијата на броење птици. Овие искуства за мене се клучни во мојата намера да го продолжам своето образование како студент по биологија, а подоцна и да изградам кариера како орнитолог.

Сметам дека МЕД треба да продолжи да ги вклучува волонтерите во своите теренски активности, бидејќи тоа е најдобар начин тие да се мотивираат да останат активни во друштвото. МЕД го зајакна својот волонтерски капацитет, благодарение на двата кампа за средношколци кои се одржаа во јануари и јуни изминатата година. Камповите претставуваа одлична можност мрежата на волонтери да се прошири низ цела Македонија. Лично за мене, покрај тоа што ги проширија моите еколошки хоризонти, ми дадоа шанса да стекнам нови пријателства со врсници со исти интереси. Според мене, МЕД треба да ги обнови контактите со овие средношколци и, доколку е можно, да ги вклучи во предвидените проекти за 2015 година.

Изминатата година МЕД ми овозможи и да го остварам моето прво интернационално патување и да ги споделам искуствата во орнитолошката област со орнитолози експерти и волонтери од поранешните југословенски држави. Тоа беше вистинска мотивација и големо охрабрување за мене, бидејќи ми покажа дека МЕД ги цени трудот и посветеноста на сите негови членови.

Особено сум среќна што и моите соученици се вклучија во овогодинешните активности и заедно ги збогативме настаните со разновидност на нови идеи, а задачите ги извршувавме подобро и потемелно. Се на сè, навистина сум задоволна од моето искуство во МЕД. Се надевам дека ќе продолжам да принесувам индивидуално, но и колективно заедно со другите волонтери во работата на друштвото. И се надевам дека, еден ден, тој придонес ќе биде од особена значајност.

Бисера Влахова, волонтер на МЕД

Во текот на 2014 година МЕД продолжи со изработка на промотивни материјали во насока на промовирање на својата работа. Изработени се четири изданија од Информаторот на МЕД, кој од 2013 година се дистрибуира само по електронски пат.

Подготвен е том 16 од списанието „Macedonian Journal of Ecology and Environment“ и е публикуван на веб страната за списанието: www.mjee.org.mk.

10.3 Активности на волонтери

Интересот за учество и помагање на работата на МЕД од страна на помлади членови и волонтери за 2014 е импозантен. Повеќе од 20 млади луѓе беа вклучени на различни начини во активностите на Друштвото.

Во периодот јуни-јули, МЕД беше домаќин на волонтерката Клер Барнет од Кралското здружение за заштита на птици од Северна Ирска (RSPB Northern Ireland). Волонтирањето на Клер како експерт за заштита на видови и живеалишта беше овозможено од BirdLife International каде МЕД е придружна членка од Македонија. За време на престојот таа беше активно вклучена во теренските истражувања и цензусот на штркови, мониторингот на птици преселници и анализата на организациските капацитети на МЕД. Дополнително учествуваше во спроведувањето на еколошкиот тренинг камп во Дојран, каде одржа и презентација за сличните предизвици со кои се соочуваат водните живеалишта во Северна Ирска.

Во септември 2014 год. беше одржана првата средба на новата група волонтери во МЕД, каде сите нови членови имаа можност да се запознаат и да се подготоват за одбележувањето на Европскиот ден на набљудување птици.



Што претстои?

МЕД и во 2015 година ќе продолжи со исполнување на зацртаната визија и мисија преку градење и јакнење на капацитетите на Друштвото, вклучување волон-тери во секојдневната работа, соработка со локални партнери и спроведување на различни проекти и активности. Дополнително, МЕД ќе се насочи кон зајакнување на работата на секциите и нивно можно преструктуирање на начин кој ќе обезбеди поинтензивна комуникација помеѓу раководителите на секциите и раководителите на постоечките програми во канцеларијата на МЕД. Со тоа би се обезбедила поголема активност и вклученост на поширо-кото членство на МЕД и нивно директно инволвирање во рамки на постоечките програмски активности и проекти.

Во моментов проектните активности кои ги спроведува МЕД се главно поврзани со мониторинг и заштита на значајни и/или загрозени растителни и животински видови, зачувување на загрозени живеалишта, давање стручна помош во процесот на прогласување на заштитени подрачја, препораки за одржливо користење на природните ресурси итн. Во текот на 2015 година проектните активности ќе бидат насочени и кон зајакнување на внатрешните капацитети на организацијата, воспоставување и/или зајакнување на соработката со локалните конзервациски групи, како и зајакнување на прекуграничниот дијалог и преземање заеднички активности за заштита на значајни прекугранични подрачја.

Заради исполнување на некои од основните цели на МЕД за заштита и унапредување на животната средина и природата и ширење на еколошките знаења, Друштвото ќе организира собири и настани за поширокото членство на МЕД и други заинтересирани страни на кои ќе ги презентира своите достигнувања, како и предавања и трибини на актуелни теми од областа заштита на животната средина и природата.

Признавајќи го значењето на промоцијата на спроведените активности и постигнатите резултати, заради анимирање и навремено информирање на членството како и пошироката јавност, МЕД ќе продолжи со редовно ажурирање на веб страната со интересни и актуелни теми од областа на заштита на природата, редовна комуникација преку социјалните мрежи, изработка и публикување на информативниот весник и научното списание кои ги издава МЕД како и изработка на различни промотивни материјали и публикации предвидени во рамки на актуелните проекти. Со цел промоција на своите достигнувања на национално и меѓународно ниво, МЕД ќе се вклучи во меѓународни кампањи или ќе организира настани за одбележување на значајни светски денови за заштита на природата, и учествува на релевантни конференции, конгреси и состаноци.

Соработката со домашните и странските партнери како и соработката со локалните конзервациски групи ќе продолжи и понатаму како на национално така и на прекугранично ниво бидејќи постигнувањето добри резултати е можно само преку спроведување заеднички и координирани акции.

Преглед на финансиската состојба

Како и во изминатите години така и во 2014 година, финансиската поддршка за работата на МЕД беше обезбедена од различни меѓународни фондации и организации. Редовни донатори и спонзори кои обезбедија финасиска основа за нашите конзервациски акктивности во Македонија и регионот, како и за лобирање и еколошка едукација се: Франкфуртското зоолошко друштво (FZS), Пронатура, Германската фондција Euronatur, Фондацијата MAVA од Швајцарија, Програмата за животна средина на Обединетите нации - UNEP, Глобалниот еколошки фонд (GEF) Програма за мали грантови, Фондација отворено општество-Македонија, Партнерскиот фонд за критични екосистеми (CEPF), BirdLife, Германската академија за еколошка едукација (NNA), Германската федерална фондација за животна средина (DBU) и фондовите на Европската Унија. Мал грант беше обезбеден од Програмата за инвестиции во животната средина од Министерство за животна средина и просторно планирање. Предизвик за Друштвото ќе биде доколку во следниот период успее да го привлече интересот на националните фондации како и приватниот и бизнис секторот за поддршка во напорите за заштитата на животната средина и природата.

Од особено значење ќе биде и привлекувањето нови членови, а со тоа и зголемувањето на приливот од годишните членарини, кои средства Друштвото ги користи за организирање на годишна средба на членовите.

Извештај за финансиската состојба (прилив и трошоци)

Вкупната состојба на сметката на МЕД според завршната сметка на 01.01.2014 година изнесуваше **9.559.409,00** денари (префрлени од 2013 година заради реализација на тековните проекти), додека на 31.12.2014 година состојбата изнесуваше вкупно **9.043.422,00** денари. Вкупните остварени приходи во текот на 2014 година изнесуваат 16.232.449,00 денари, а вкупните трошоци 16.747.035,00 денари. Овие средства беа наменети за спроведување на планираните активности од тековните проекти, дел од нив продолжуваат со реализација и во 2015 година.

1. Преглед на приходи

На табела 1 е претставен распоредот на приходите остварен од различни ставки во текот на 2014 година.

Табела 1. Остварени приходи во 2014 година

Приходи	
а) Приходи од камати	**2.247,00 ден.**
б) Приходи од позитивни курсни разлики	**847,00 ден**
в) Приходи од членарини	**9.700,00 ден.**
г) Приходи од проектни грантови	**15.168.487,00 ден.**
Ѓ) Приходи од надомест	**942.532,00 ден.**
Е) Донации	**108.636,00 ден**
ВКУПНО	**16.232.449,00 ден.**

2. Преглед на трошоци

Реализираните трошоците во текот на 2014 година се прикажани во табелите 2, 3 и 4 според различни ставки, и тоа: трошоци за теренски истражувања, реализација на состаноци и работилници, административни трошоци, канцелариски трошоци со одржување, набавка на опрема и др.

Табела 2. Патни трошоци и работилници

Теренска опрема	20.760,00
Јавен транспорт	201.050,00
Гориво	857.559,00
Изнајмување на простор	29.485,00
Патарини	38.522,00
Храна	630.855,00
Сместување	118.452,00
Вкупно	**1.896.683,00 ден.**

Табела 3. Административни трошоци

Плати	3.734.351,00
Придонеси и персонален данок за вработени	1.787.480,00
Авторски хонорари	3.954.094,00
Мали грантови	397.950,00
Персонален данок за патни и непризнаени трошоци	173.921,00
Вкупно	**10.047.796,00 ден.**

Табела 4. Канцелариски трошоци

Промотивни материјали	723.110,00
Членство во меѓународни организации	39.253,00
Банкарски провизии	35.185,00
Одржување на возила	71.718,00
Набавка на возило	944.946,00
Електрична енергија	20.144,00
Греење	11.260,00
Вода	1.755,00
Ѓубретарина	2.811,00
Телефонија	44.613,00
Закуп на деловен простор	206.694,00
Компјутерска опрема	224.940,00
Канцелариска опрема и материјали	241.540,00
Годишно собрание	17.980,00
Книговодствени услуги	79.310,00
Вкупно	**2.665.666,00 ден.**

Партнери и сработници

МЕД и понатаму е активен партнер на повеќе организации: Европската еколошка федерација (EEF-European Ecological Federation), Planta Europa, Централно-источноевропската работна група за заштита на биолошката разновидност (CEEweb – Central and East European Working Group for the Enhancement of Biodiversity), подружница на BirdLife International и партнер на Европскиот центар за заштита на природата (ECNC – European Center for Nature Conservation). Од 2013 година МЕД е член на Координативниот форум за централна и источна Европа на Меѓународниот совет за заштита на дивеч (CIC - International Council for Game and Wildlife Conservation).

Соработници и партнери на МЕД:

Контакт информации

Љупчо Меловски,
претседател од 2001-2014 година

Тел.: 02 3249 635
melovski@pmf.ukim.mk

Славчо Христовски,
претседател од 2015 година, со мандат 4 години

Тел.: 02 3249 611
slavco_h@pmf.ukim.mk

Робертина Брајаноска,
извршен директор

Тел.: 02 2402 773
brajanoska@mes.org.mk

Македонско еколошко друштво - МЕД

Адреса на седиштето на МЕД:

Институт за биологија, Природно-математички факултет - Скопје
Архимедова 5, п. фах 162, 1000 Скопје, Република Македонија
Тел.: +389 2 3249 611

Адреса на канцеларијата на МЕД:

ул. Владимир Назор, бр. 10, 1000 Скопје, Република Македонија
Тел.: +389 2 2402 773
Тел/Факс: +389 2 2402 774
E-mail: contact@mes.org.mk
www: www.mes.org.mk